јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи
"ИСАР" п.о
Бр. 04-1061/6
23.12 2025 год.
Штип

Врз основа на чл.45 од Законот за административни службеници ( Сл.весник на република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018) и ( Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022, 208/2024 и 210/2024), член 28 од Статутот на ЈП "Исар" Штип, а во врска со објавениот Јавен оглас бр.751/2025, ВД Директорот на ЈП "Исар" Штип ја донесе следната :

# ОДЛУКА

## по објавен Јавен оглас бр.751/2025

**1.** За извршител на работно место под реден број 1 со шифра - КДР 01 02 Б04 065, назив „Раководител на одделение за сметководство и финансова оператива", Одделение за сметководство и финансова оператива, Сектор финансиско работење, се избира следниот кандидат:

- Габриела Карагунова со идентификациски код 2311CD8 со вкупно освоени бодови 73.29.

**2.** За работно место под реден број 2 со шифра - КДР 01 02 Г03 114, назив „Референт благајник", Одделение за сметководство и финансова опратива, Сектор финансиско работење, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР**.

**3.** За работно место под реден број 3 со шифра- КДР 01 02 Г03 132, назив „Референт за пресметка на плати" , Одделение за сметководство и финансова опратива , Сектор финансиско работење, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР**.

**4.** По конечноста на одлуката , ВД Директорот на ЈП "Исар" Штип ќе донесе Решение, односно со избраниот кандидат за работното место под реден број 1, ќе склучи договор за вработување на неопределено полно работно време.

**5.**Одлуката да се достави до избраниот кандидат и до Агенцијата за администрација за нејзино објавување.

**6.** Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на Барање број 04-1061/4 од 08.07.2025 год. од страна на ЈП "Исар" Штип за објавување на Јавен оглас, во дневните весници Нова Македонија, Коха и Вечер , како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, објавен е Јавен оглас број 751/2025 за вработување на административни службеници во ЈП"Исар" Штип.

За спроведување на постапката за селекција за вработување по наведениот оглас, со Решение бр.10-1825/3 од 23.07.2025 год., Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, формира Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.751/2025 .

На ден 01.08.2025 год. во просториите на Агенцијата за администрација е извршена административна селекција за административен службеник за што е донесен Записник од извршена административна селекција за административен службеник бр.10-1825/4 од 01.08.2025 год. каде е констатирано дека на огласот се имаат пријавено вкупно 5 кандидати од кои 1 уреден кандидат за работното место под реден број 1 "Раководител на одделение за сметководство и финансова оператива" и истиот продолжува во втора фаза, а за

работните места под реден број 2 и 3 "Референт балагајник" и "Референт за пресметка на плати" сите 4 кандидати се неуредни и за истите постапката на селекција завршила.

Со решение за ставање во мирување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на администартивни службеници бр.10-1825/5 од 11.08.2025 год., постапката за селекција на кандидати за вработување на работно место на администартивен службеник по Јавен оглас број 751/2025, се става во мирување, поради донесување на Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје објавено во "Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.167/2025.

Врз основа на Заклучок за завршување на локалните избори 2025 година за избор на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје бр.08-3716/5 од 12.11.2025 год. донесен од страна на ДИК , Агенцијата за администрација донесе Решение за продолжување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници бр.10-1825/7 од 26.11.2025 год.

На ден 05.12.2025 год. се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведен испит за административен службеник бр.10-1825/10.

На ден 09.12.2025 год. спроведена е проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник констатирано во Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1825/11 и конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција.

Врз основа на доставениот предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.751/2025 бр.10-1825/12 од 12.12.2025 год. и Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, ВД Директорот одлучи како во диспозитивот на Одлуката, поточно за работното место под реден број 1 во Јавниот оглас бр.571/2025 изврши избор , а за работните места под реден број 2 и 3 не изврши избор, поради немање на кандидати кои се квалификуваа за вработување.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе Жалба до Агенцијата за администрација од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администарција.

**Доставено до :**

-избраниот кандидат

-Агенција за Администрација

-архива

-Одделение за човечки ресурси

**ЈП "Исар" Штип**

ВД Директор

Александар Арсовски

Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи "ИСАР" П.О. Штип